Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 74, 15 февруари 2012 година

февруари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска геологија и лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпи и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хидрологија/хидрогеологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 83

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област минералогија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 92

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 105

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факутет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област клиничка психологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....134

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 139

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област органска хемиска технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 144

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 149

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната областа деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 156

**РЕЦЕНЗИЈА** на Германско-македонски и македонско-германски речник од доц. д-р Толе Белчев и доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 162

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 164

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 169

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата .... 171

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА Е-СКРИПТА „ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ КАЈ ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНАТА И РАНАТА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ" ОД АВТОРОТ АСИСТЕНТ Д-Р БИЛЈАНА ПОПЕСКА, ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, како и Одлуката бр. 2102 – 264/54 од 13. редовна седница на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 24.11.2011 година, се избрани рецензенти:

– проф. д-р Илија Клинчаров, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Факултет за физичка култура – Скопје;
– проф. д-р Душан Тодоровски, професор во пензија;
– проф.д-р Јован Јовановски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Факултет за физичка култура – Скопје,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис за е-скрипта со наслов „*Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст*" од авторот асистент д-р Билјана Попеска, наменет за студентите од прв циклус на додипломски студии на Педагошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на групите Одделенска настава и Предучилишно воспитание.

По преглед на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Педагошки факултет го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот за е-скрипта со наслов „*Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст*" од авторот асистент д-р Билјана Попеска е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметите: Физичко и здравствено образование со методика 1 и Физичко и здравствено образование со методика 2 кои се изучуваат на групата Одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на прв циклус на додипломски студии во V и VI семестар со неделен фонд на часови 2+2+2 во V семестар и 2+2+1 во VI семестар и се вреднуваат со 8, односно со 6 кредити и предметите Физичко воспитание и образование со методика 1 и Физичко воспитание и образование со методика 2 за групата предучилишно воспитание, кои се изучуваат во IV и V семестар со неделен фонд 2+2+1 и се вреднуваат со по 6 кредити.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12. Текстот содржи 7 табели, 15 слики и 4 графикони, подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовка на теоретскиот дел од испитот за наведените предмети.

Ракописот е структуриран во две тематски целини: Основи на физичкото воспитание и образование и Дидактичко методски аспекти на физичкото воспитание и образование. На овој начин авторот следејќи ја пропишаната наставна програма суптилно укажува на потребата од познавање на основните карактеристики и обележја на физичкото воспитание и образование, познавањето на карактеристиките на возраста со која се работи и основните средства кои се применуваат, како основа за натамошна успешна апликација во воспитно-образовниот процес во предучилишното воспитание и одделенската настава. Иако структуриран во два дела, од содржински аспект ракописот претставува една целина со тематски и методски содржини кои меѓусебно се испреплетуваат, надополнуваат и надградуваат при што се нагласува силната поврзаност меѓу развојните процеси и

воспитно-образовниот процес по физичко воспитание и образование. Оваа поврзаност се отсликува во правилниот избор, организација и реализација на содржините на часот по физичко и здравствено образование во одделенската настава и задолжителната активност во предучилишното воспитание, во применетите средства и методи, насоченоста на воспитните постапки, соодветното планирање и евалуирање на ефектите од воспитно-образовните влијанија.

Во првата тематска целина именувана како *Основи на физичкото воспитание и образование* се поместени 7 глави редоследно соодветно распределени и методолошки детално, коректно и прецизно разработени.

Првата глава се однесува на теоретските аспекти на физичкото воспитание и методиката на физичкото воспитание и образование. Преку прецизно и јасно дефинирање на овие две научни дисциплини, нивните цели и задачи се прави јасна дистинкција меѓу целите на физичкото воспитание насочени кон воспитаниците и задоволувањето на нивните биопсихосоцијалните потреби преку движење во контекст на современите услови на живеење и целите на методиката на физичкото воспитание и образование насочени кон оспособување на студентите, идни наставници и воспитувачи за остварување на целите на физичкото воспитание преку реализација на квалитетен и ефикасен воспитно-образовен процес.

Генералните карактеристики на растот, развојот и созревањето, нивните законитости, како и развојните периоди и степени се детално разработени во втората глава од првиот дел од ракописот. Прифаќајќи ја теоријата за интегрален развој, авторката укажува на поврзаноста и условеноста на домените на моторичкиот, когнитивниот, социјалниот и емоционалниот развој и потребата за холистички пристап во воспитно- образовните делувања кај децата, истакнувајќи го доменот на моторичкиот развој во предучилишната и раната училишна возраст преку кој се остваруваат воспитно-образовни ефекти и влијанија во сите развојни сегменти. Преку разработка на фазите во моторичкиот развој на различни возрасни степени, авторката укажува на разликите во моторичкиот развој во различни возрасни периоди и на потребата од нивно познавање во педагошката работа со деца.

Во третата глава се обработени карактеристиките на физичкиот, функционалниот, когнитивниот, социоемоционалниот и моторичкиот развој кај децата во предучилишната и раната училишна возраст. Соодветно и во доволна мера се опишани карактеристиките на физичкиот и функционалниот раст и развој. На пристапен и сликовит начин се обработени особеностите на виталните органски системи, осврнувајќи се на основните функции и составни елементи на секој од анализираните системи, нивните особености во различни развојни периоди и развојните спецификите по кои децата се разликуваат од возрасните и условуваат различни методски пристапи во нивното вклучување во процесот на физичко воспитание и образование.

Особеностите на когнитивниот развој (3.3) како сегмент од интегралниот развој се однесуваат на процесите на мислење, учење, перцепциите, вниманието и концетрацијата се прецизно разработени во три сегменти кои соодветствуваат на интеграцијата на децата во воспитно- образовниот систем, односно се однесуваат на особеностите кај децата во период од една до три години, од три до шест (предучилишно воиспитание) и од седум до единаесет години (одделенска настава). На овој начин, покрај апострофирање на особеностите на секој период се овозможува и согледување на развојните тенденци и соодветно потребата од различни воспитно- образовни постапки. Истата методологија на работа е задржана и во разработката на особеностите на социоемоционалниот (3.4) и моторичкиот развој (3.5). Посебно внимание е посветено на сегментот на моторичкиот развој како најзначаен од аспект на физичкото воспитание и образование и како доминантен развоен сегмент во предучилишната и раната училишна возраст. Во текстот постапно се разработени моторичките манифестации во секој од развојните периоди кои се насочени кон она што децата можат во дадена возраст и што треба да се очекува од нив од аспект на моторички движења во секоја конкретна возраст. На методолошки пристапен начин, поткрепени со научно потврдени сознанија од еминентни светски автори, разработени се прашањата на латерализацијата, визуелната сензација, моторичката контрола и слични прашања од доменот на моторичкиот развој.

Четвратата глава претставува логичко и содржинско продолжение на претходните содржини со истакнување на влијанието што го има физичката активност реализирана преку наставата по физичко и здравствено образование во одделенската настава и задолжителните активности во предучилишното воспитание. Истата е структурирана како педагошко влијание (4.1) кое се однесува на влијанието на физичкото воспитание и образование, пред сè, врз моралниот развој и моралните особини со што се нагласува воспитната компонента и биолошкото влијание (4.2) односно непосредните ефекти на физичката активост врз здравјето и работоспособноста на децата и учениците.

Во петтата глава вниманието се насочува кон основните и најнепосредните задачи на физичко воспитание и образование, односно кон стекнување на одредени моторички знаења, навики и умеења. Во овој дел, детално и прецизно се дефинирани моторичките знаења, навики и вештини, процесот на нивното формирање со јасна разработка на секоја од фазите во овој процес со што се овозможува натамошнен рационален избор на содржините и воспитно-образовните постапки.

Конкретизацијата на средствата и содржините кои се применуваат во физичкото воспитание и образование е направена во следната шеста глава од ракописот во која постапно се разработени телесните вежби, елементите на телесната вежба и нивната класификација со што се навлегува во суштината на процесот на физичко образование. Разработката на локомоторните, нелокомоторните и манипулативните вештини претставува воведување на студентите во основните содржини кои се применуваат во работата со децата на предучилишната и раната училишна возраст и спој меѓу теоретските сознанија и идната практична работа.

Примената на телесните вежби и фундаменталните движечки вештини се во директна корелација со моторичките способности кои се детално разработени во последната, седма глава од првиот дел од ракописот. Како посебни подглави разработени се снагата, координацијата, брзината, флексибилноста, рамнотежа, прецизност и издржливост. На пристапен, јасен и доследен начин, во доволна мера за секоја од овие способности се дадени нивните определби поделби, критични периоди на развој и методи за развој, следење и вреднување и степенот на вроденост. На овој начин е дефинираат ефектите на физичкото воспитание и образование во поглед на моторичките постигнувања на децата.

Во втората тематска целина од приложениот ракопис се разработени дидактичко – методските аспекти на физичкото воспитание и образование. Во овој дел на пристапен и јасен начин се објаснети суштинските елементи на еден наставен процес. Во првата глава од втората целина авторката прави јасна дистинкција меѓу организациските форми кои се применуваат во физичкото воспитание и образование и организациските форми на часот по физичко и здравствено образование, односно задолжителната активност по физичко воспитание. Посебно внимание е посветено на часот по физичко и здравствено образование, односно задолжителната активност по физичко воспитание, неговата артикулација, временска рамка, цели и задачи на секој дел, оптоварувањата кои се јавуваат, типовите на часови согасно со процесот на учење. Во доволна мера се разработени и останатите форми на физичко воспитание и образование, односно: утринско вежбање, микропаузи, прошетки, приредби, излети, кросеви, летувања, зимувања и училишни натпревари.

Втората глава од втората тематска целина е посветена на организациските форми на часот по физичко и здравствено образование, односно задолжителната активност по физичко воспитание, нивниот избор и предностите од нивната правилна примена.

Третата глава е посветена на методите на работа кои се применуваат во наставата по физичко и здравствено образование, односно задолжителната активност по физичко воспитание. Детално се разработени и доволно објаснети методот на вербална комуникација, методот на демонстрација, методот на практично вежбање, методите на игра, драматизација и имитација со соодвтени упатства за варијациите во нивната примена со деца од предучилишна и раната училишна возраст.

Разработката на основните дидактички принципи е поместена во четвртата глава од вториот дел од ракописот во која доследно се обработени принципите на систематичност и постапност, свесност и активност, очигледност, достапност и индивидуализација, сестраност, трајност на знаењата, здравствено-воспитна насоченост, практична

применливост и индивидуализација, со нагласеување на нивната специфика и примена во процесот на физичко воспитание и образование.

На планирањето во физичкото воспитание и образование како значаен сегмент во воспитно-образованата работа, неговите особености, видовите на планирање, битните елементи и улогата на наставникот, односно воспитувачот доволно внимание е посветено во петтата глава од вториот дел на ракописот. Со посочување на особеностите на физичкото воспитание и образование во смисла на просторни и материјални услови и средства се укажува на сите елементи кои идниот наставник треба да ги има предвид кога станува збор за планирање на својата работа. Ефектите од воспитно-образовните влијанија и реализацијата на часот по физичко и здравствено образование, односно насочената активност по физичко воспитание односно начините за нивно следење, евидентирање и вреднување се разработени во шестата глава од вториот дел. Притоа авторката посочува начини и форми преку кои се вреднуваат ефектите во областа на моторичките знаења, спсобностите и социоемоционалниот развој. Како прилог на овој дел се и протоколи за следење на развојните промени и моторичките постигнувања на децата како објективен начин за вреднување на ефектите од воспитно-образовниот процес.

Во последните две глави од ракописот се поместени мерките за безбедност (7.0) што секој иден наставник односно воспитувач треба да ги знае и практикува со акцент на мерките и постапките на чување и помагање и на справите и реквизитите (8.0) без кои тешко може да се замисли еден час по физичко и здравствено образование, односно задолжителна активност по физичко воспитание. На крајот од двете целини коректно се нотирани сите библиографски единици цитирани во текстот.

Во сите презентирани и обработени содржини во ракописот може да се констатира извонредна систематичност, постапност, јасност и концизност. Авторот покажува големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на третираните прашања е пристапен и јасен.

Сметаме дека приложениот ракопис претставува извонредна основа за подготовка на студентите на Педагошкиот факултет во Штип за одговор на теоретските барања на предметот Физичко воспитание и образование со методика и Физичко и здравствено образование со методика.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предлага следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот е-скрипта со наслов „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска претставува ракопис кој стручно и научно е соодветно концепиран. Квалитетот, содржината, обемот, прегледноста и естетската страна даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел од испитите по наведените предмети.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметите Физичко воспитание и образование со методика за студентите од групата Предучилишно воспитание и Физичко и здравствено образование со методика за студентите од групата Одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта во електронска форма пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Физичкото воспитание и образование кај децата во предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска да биде објавена како е-скрипта за потребите на студентите на Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф .д-р Илија Клинчаров, с.р.**
**Проф. д-р Душан Тодоровски, с.р.**
**Проф.д-р Јован Јовановски, с.р.**